Врз основа на член 16 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри ("Службен весник на Република Македонија" бр. 10/1997, 54/1997, 13/2001, 2/2002 и 54/2007), а во врска со член 164 став (1) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри ("Службен весник на Република Македонија" бр. 24/2011 и 51/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 12.10.2011 година, издаде

**ЛИЦЕНЦА**
**за постојано приредување на посебни игри на среќа во автомат клуб**

1. Лиценца за постојано приредување на посебни игри на среќа во автомат клуб се издава на Друштвото за коцкање и обложување "МА ГАМИНГ" ДОО Скопје, за време од 6 (шест) години.

2. Приредувањето на посебните игри на среќа во автомат клуб ќе се врши во автомат клубот што се наоѓа на ул."Сотка Ѓорѓиоски" број кат.гаража/ДП 2,3,4-КП 17761/5 во Прилеп.

3. Во автомат клубот, корисникот на Лиценцата за приредување на посебните игри на среќа, ќе постави 24 автомати за игри на среќа и 2 автомати за игри на среќа на кои истовремено можат да учествуваат повеќе играчи.

4. Корисникот на Лиценцата е должен да плати надоместок за Лиценцата кој изнесува 72.800 евра, во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Македонија што се применува на денот на уплатата и тоа:

- 50% од износот, 36.400 евра, во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Македонија да уплати на денот на доделувањето на Лиценцата и
- остатокот од 50% во еднакви годишни рати, најдоцна до 30 јануари во тековната година за секоја година додека трае Лиценцата, во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Македонија што се применува на денот на уплатата.

Уплатата на средствата од алинеите 1 и 2 на оваа точка се вршат во Буџетот на Република Македонија на Трезорска сметка 100000000063095,

уплатна сметка број 840-62207, приходно конто 718113, програма 00 и банка на примачот: Народна банка на Република Македонија.

Потврдата за уплатениот износ од алинеја 1 на оваа точка корисникот на Лиценцата ја доставува до Министерството за финансии.

Корисникот на Лиценцата ги доставува до Министерството за финансии и потврдите за уплатените годишни рати, од алинеја 2 на оваа точка.

5. Лиценцата корисникот не може да ја пренесе.

6. Доколку од страна на корисникот на Лиценцата не биде платен надоместокот за плаќање на Лиценцата од точка 4, алинеите 1 и 2, Лиценцата се одзема.

7. Корисникот на Лиценцата со право на приредување на играта на среќа за која е издадена Лиценцата, се стекнува по уплатата на првиот дел од надоместокот за плаќање на Лиценцата утврден во точка 4, алинеја 1.

8. Оваа лиценца се објавува во "Службен весник на Република Македонија".

**Бр.51-4898/1**
**12 октомври 2011 година**
**Скопје**

**ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Владимир Пешевски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

примил
Пенчев Петар

26. 10. 2011